# ЧИТАЊЕТО Е СУПЕРМОЌ

**КАМПАЊА НА ИЗДАВАЧКАТА КУЌА „АРС ЛАМИНА“ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЧИТАЧКИТЕ НАВИКИ КАЈ ДЕЦАТА**

„Читањето е супермоќ“ е кампања за поттикнување на читачките навики кај децата на издавачката куќа „Арс Ламина“ поддржана од Филозофскиот факултет во Скопје и здружението за дислексија „Ајнштајн“. Мисијата на кампањата е преку понуда на атрактивни изданија за деца да се предизвика и одржи интересот на читање кај децата и да се нотира важноста на читањето од најрана возраст преку вмрежување со образовните институции, Општините, надлежните во секторите Образование и Култура, експертите, родителите и пошироката јавност.

Првата фаза од кампањата се реализираше во 2019 год. со обука на Филозофскиот факултет на тема „Читањето е супермоќ“ што ја посетија 1800 наставници, педагози, библиотекари и директори на основни училишта.
Во втората фаза бевме поддржани од професори, влијателни личности од социјалните мрежи и книжевните форуми и од новинарите кои ја потенцираа важноста на читањето и препорачуваа книги за деца за време на карантините поради Ковид 19. Во 2020 год. оваа кампања ја доби специјалната награда за „Промотор на читачката култура“ на Македонската асоцијација на издавачи.

Во 2022 год., како носители на правата за македонски јазик за најпродаваниот книжевен серијал за деца на сите времиња – „Хари Потер“, а во рамките на одбележувањето 25 години од објавувањето на првиот дел од оваа едиција, распишавме литературен и ликовен конкурс на тем    а „Во светот на Хари Потер“.

Во 2023 година реализиравме едукативни презентации во соработка со Општините во град Скопје на кои присуствуваа претставници на сите основни училишта на кои им понудивме конкретни методи, алатки и стратегии за поттикнување на читачките навики кај децата, донираме по 100 книги за секоја библиотека во скопските училишта  и распишавме литературен и ликовен конкурс за ученици од 1 до 9 одд. на тема „Читањето е супермоќ“.

# ПРИДОБИВКИ ОД ЧИТАЊЕТО



Читањето им помага на децата подобро да ги изразат своите мисли и ставови. Неретко сме сведоци дека децата имаат проблем кога треба да ги артикулираат своите мисли и чувства и да ги преточат во зборови. Читајќи тие несвесно усвојуваат правилна структура на реченицата, а фондот на зборови го збогатуваат со нови зборови, изрази и стилски фигури.

Читањето придонесува за развој на креативното мислење, ја продлабочува фантазијата и поттикнува на усвојување морални вредности и хумани пораки, смирува пред спиење. Се развива концентрацијата, книгата се претвора во соговорник, а ликовите им стануваат толку блиски што може да им станат примери.



# ПРИДОБИВКИ ОД ЧИТАЊЕТО



Книгите се моќен помошник во развојот на децата. Им даваат увид во внатрешните превирања на јунаците. Во нивните недоумици, размислувања, каења, стравови, желби. На тој начин учат да разликуваат и именуваат различни емоции. Стануваат свесни за своите внатрешни желби и мотиви. Разбираат зошто понекогаш мама и тато се лути или нерасположени. Книгите ги учат децата на мудрост и ја развиваат нивната емоционална интелигенција. Но пред се, пружаат бескрајно задоволство и забава.

Читањето кај децата ја развива фантазијата, го збогатува речникот, ги учи да размислуваат и да донесуваат заклучоци.

Читањето делува на психичкото здравје и делува исцелително на нашата психа. Во психологијата постои вид терапија со книги – библиотерапија. За разлика од видеоигрите или социјалните мрежи кои го подигаат адреналинот и поттикнуваат агресија, читањето кај децата делува смирувачки и помага при постигнување психички и физички баланс.



# СО СОРАБОТКА ДО УСПЕХ



Наставниците и библиотекарите соработуваат:

- За да ги подобрат и вреднуваат информациските вештини и знаење на учениците;
- Да подготвуваат и изведуваат посебни проекти кои се реализираат во библиотеката;
- Да подготвуваат и реализираат програми со читање и културни настани;
- Да им ја објаснат на децата и родителите важноста од читањето;
- Да им ја приближат на децата библиотеката и да им ја разбудат потребата за читање и образование;
- Да им пружат помош на талентираните ученици при наоѓањето и избор на соодветната литература, особено на учениците со потешкотии при читањето и совладувањето на читањето и учењето, но и на оние ученици кои живеат во тешки социјални услови, соработувајќи со нив и релевантните институции;
- Да обезбедуваат пристап до програми кои работат на развивање на информациската писменост, за корисниците да се оспособат за пронаоѓање, анализирање, примена и презентирање на информациите, со вешто користење на информациско-комуникациските технологии.



## КАКО ДА СЕ ПОТТИКНАТ ЧИТАЧКИТЕ НАВИКИ?

- Наставникот може на час да се појави со книга која не е само учебник поврзан со неговиот предмет или основна литература, а библиотекарот да ја користи библиотеката како читална. Со некоја нова книга, што не е дел од задолжителната литература, им покажуваат на учениците дека и тие читаат.
- Кога наставникот ќе влезе в училница, може да ја спушти книгата на бирото, а библиотекарот намерно да ја постави на видно место. Љубопитните ученици ќе ја погледнат и почнат разговор за книгата. Ќе ги поттикнат да ја прочитаат, но и да зборуваат за тоа какви книги сакаат.
- Организирани активности (часови во библиотеката), како што се разговори за прочитаните книги, може да ги поттикнат учениците самостојно и темелно да се подготват со што би оставиле подобар впечат кај своите наставници и соученици. На тој начин може да се согледа каков е речникот на ученикот, што пронаоѓа во книгите што ги чита, што разбира, а што не, што го привлекува, а што е надвор од доменот на неговото разбирање. Овие часови се интересни за децата кои сакаат да се изразуваат усно, а ќе ги поттикнат и останатите да го направат тоа.
- Библиотеката – книжевно царство. Во библиотеката може да се одбележуваат битни меѓународни датуми во контекст на книжевноста и читањето, родендени на автори, тематски денови (на пример, Ден на Хари Потер), да се организираат тематски маскенбали со јунаците од литературата, читања, книжевен клуб со дискусија за конкретно дело, автор и сл.) Библиотекарот со помош на учениците може соодветно да го украси просторот согласно тематскиот настан.
- На други часови, пак, наставникот или библиотекарот можат да зборуваат за книгите што тие ги прочитале. На тој начин учениците ќе дознаат како се зборува за една книга, по кој редослед, со каков речник, на што треба да обрнат внимание, што нудат новите книги.

# СТРАТЕГИИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЧИТАЧКИТЕ НАВИКИ



- Задача на некои активности може да биде учениците да изберат песна што ќе им ја прочитаат на своите соученици и потоа ќе кажат зошто се решиле токму за таа песна. За да јаз избере, ученикот ќе мора да прелиста повеќе книги, да прочита повеќе песни. За оние кои сакаат да рецитираат, опција е да ја научат песната наизуст.
- Драмските игри и глумата, исто така, им се примамливи на децата, па може да се организираат како еден вид активност во училиштето. Задачата на учениците би била да склопат сценарио од песни или некој извадок од роман, кои сами ги избрале или, пак, за нив ги избрал наставникот или библиотекарот. Оваа задача бара до учениците да го прочитаат потребното дело, да побараат информации како се пишува сценарио, за глумата, костимите... Понекогаш може да им се дозволи слобода, нешто да додадат или изостават од драмскиот текст. Вториот дел од нивната задача е да ја изведат претставата пред учениците и наставниците. По изведбата може сите заедно да разговараат за содржината.
- Во училиштата постојат ученици кои се талентирани за цртање. На овие деца треба да им се даде задача да изберат песна, дел од бајка, басна или роман кои ликовно ќе ги претстават. По овие активности учениците треба да ја објаснат својата слика, своите чувства и размислувања, дали имале потешкотии, недоумици... Слична задача е да ги нацртаат јунаците, местото на дејствието, корицата на книгата... онака како што ги замислуваат.

# СТРАТЕГИИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЧИТАЧКИТЕ НАВИКИ



- Љубовта кон поезијата може да се развие и преку компонирање на зададена песна, осмислување игри и движења. Активноста може да се дополни со постоечки или самостојно изработени инструменти.
- Наставниците и библиотекарите можат да го искористат влијанието на телевизијата на позитивен начин. Многу од книжевните дела се екранизирани. По гледањето конкретен филм, може да се развие дискусија: да се споредат книжевното дело и веродостојноста на филмот, предностите и недостатоците на едното во однос на другото, изнесување свои идеи и на тој начин да се развива критичкото мислење кај децата.
- Групната работа на часовите може да се организира на тој начин што некои групи ќе го „напаѓаат„, а други ќе го „бранат“ книжевното дело (ликовите, постапките, особините, писателот...) Активноста се разликува од традиционалниот вид настава и е примамлива за учениците.
- За некои книжевни дела учениците може да подготват прашања што ќе ги поставуваат и одговараат заедно со другите ученици. На тој начин ќе сфатат на што треба да обрнат внимание, дека делото се согледува од повеќе перспективи и сл.
- Наставниците и библиотекарите може да организираат книжевни вечери или средби на учениците со автори, критичари, издавачи или книжари. На тој начин ќе се поттикне желбата за читање и пишување. Покрај ова може да се организира избор за најчитател, најдобра песна или прозен состав.

# СТРАТЕГИИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЧИТАЧКИТЕ НАВИКИ



- За да се предизвика интересот на децата кон читањето, за почеток, уредете посебно катче во училницата што ќе биде ваша библиотека. Кога децата се изложени на книги, полесно посегаат по нив кога им е здодевно – на одморите помеѓу часовите или, пак, во рамките на слободните ученички активности. Уредете ја училницата со инспиративни цитати од книжевни дела, убаво илустрации од познати бајки, посебен хамер на кој тие ќе прикачуваат цитати или предлози за читање. Со еден збор, изградете стимулативна средина за читање.
- Време за читање – докажана стратегија за создавање читачки навики кај децата. Одвојте по 15-ина минути во рамките на редовната настава за т.н. време за читање (DEAR – drop everything and read – оставете се и читајте!). Децата избираат книга по свој избор и ја читаат секој ден од неделата. Кога ќе ја завршат, ги споделуваат впечатоците со вас и со врсниците со што се подобрува и нивното усно изразување и когнитивните процеси.
- Читачки дневник – цврста врска со убавите мисли, спомени, но и прочитаните книги.
- Новите технологии во служба на читањето. Поттикнете ги учениците да изработат бук-трејлер, да снимат видео-препорака за омилената книга, или да направат интересни фотографии со нивната омилена книга во фокусот.
- Организирана посета на Саемот на книгата заради создавање навика за контакт со книги, автори, илустратори, поттикнување на навиката за купување и читање книги, создавање возбуда за секој нов наслов...



## КЛУЧОТ НА УСПЕХОТ

Првата инстанца за резултати кога станува збор за читачките навики е семејството – на децата им треба пример од родителите и избор од соодветна литература

Вториот фактор се издавачите – избор од квалитетна и соодветна литература од современи автори, но и дела од класичната литература, бајки, басни, народно творештво, лектири...

Третиот фактор е училиштето – методи, техники и конкретни алатки со кои наставникот ќе ги поттикне децата да читаат. Во таа смисла особено битни се библиотеки кои треба да поседуваат богат библиотечен фонд и кои треба да бидат стимулативна средина за читање.





## КАКО ДА СЕ ВКЛУЧИТЕ?

Доколку имате идеи поврзани со суштината на кампањата – поттикнување на читачките навики, снимени материјали од реализација на конкретна идеја на час – на располагање е платформата: https://resursi.literatura.mk/ Оваа платформа ја користиме и за закачување на бесплатни материјали и по конкретни предмети што се изучуваат в училиште. Е-пошта за контакт: obrazovanie@arslamina.com

Доколку имате готов концепт за вежбанки, сликовници или книжевни дела, може да ни пишете на електронската адреса: rakopisi@arslamina.com

За прашања поврзани со нарачки и продажба, пишете ни на: sales@arslamina.com



ЧИТАЊЕТО Е СУПЕРМОЌ





# ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО!





lamina libi